## Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Материјата на безбедноста на сообраќајот на патиштата нормативно-правно е уредена со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 54/07, 86/08, 98/08 и 64/09), каде се уредени клучните сегменти што се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Во процесот на имплементација на наведениот закон, Министерството за внатрешни работи како орган на државната управа надлежен, меѓу другото и за спроведување на прописите односно преземање мерки што се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата, по извршена анализа на досегашното практично имплементирање на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, оцени дека е неопходно да се изврши натамошно допрецизирање и континуирано подобрување на националното законодавство што преставува императив во безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Министерството за внатрешни работи надлежно, меѓу другото и за безбедноста на сообраќајот на патиштата, во процесот на практична имплементација на предметниот закон, ја воочи потребата од модификација на одделни одредби, со цел нивно усогласување со одредени закони донесени во периодот по влегувањето во сила на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и ревидирање на решенијата во однос на прекршочните санкции за правните лица односно одговорните лица во правните лица, со цел заострување на казнената политика за наведените субјекти кога се јавуваат како учесници во сообраќајот на патиштата.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

По извршена анализа на практичната имплементација на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, утврдена е потребата од конкретни измени и дополнувања на одредени одредби во насока на нивно усогласување со одредби од закони донесени во периодот по влегување во сила на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и содржинско допрецизирање одделни решенија, со цел нивна доследна практична имеплементација.

## 1. Идентификација на можни решенија (опции)

Воедно, со предложените решенија се врши унифицирање на пристапот во однос на износот на глобата утврдена за конкретни прекршоци, како и соодветно санкционирање на одредни прекршоци за кои досега не е предвидена глоба, односно нејзиниот износ не е адекветен во однос на тежината на прекршокот што се прави со непочитување на законските одредби. Воедно, со цел постигнување повисок степен на безбедност во сообаќајот на патиштата, во предложените решенија се врши заострување на казнената политика односно заострување на прекршочните санкции за правните лица односно одговорните лица во правните лица кога истите се јавуваат како учесници во сообраќајот на патиштата.

Заради соодветно применување на одредбите во однос на запирање и паркирање на возило, во услови на неможност за утврдување на идентитетот на возачот, се предидува санкционирање и на сопственикот на возилото.

Со цел соодветна практична имплементација на одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштаа, со предложените решенија се утврдува обврска за друштвата за осигурување при склучувањето на договор за задолжително осигурување (полиса) со сопственик на возило, задолжително да го издава Европскиот извештај за сообраќајна незгода согласно моделот на извештај издаден од Европскиот комитет за осигурување.

Во интерес на зголемување на степенот на безбедност во сообраќајот, особено за возачот и лицата кои се превезуваат со мопеди, мотоцикли, трицикли и четирицикли, за време на возење на патот, а со цел соодветно и доследно применување на одредбата од законот шт осе однесува на предметната материја, се предвидува обврска истите да носат заштитен шлем на главата.

Согласно компаративните искуства во Европа, со предложениот закон врши допрецизирање на одредбите што се однесуваат на управување на моторно возило под дејство на алкохол.

Со предложениот закон се врши ревидирање и содржинско прецизирање на субјектите што можат да вршат оспособување на кандидати за возачи за за укажување на прва помош, согласно укажувањата на Министерството за здравство.

Согласно укажувањата од Здруженијата на автошколи и возачи-инструктори во Република Македонија, како и други субјекти кои имаат допирни точки со безбедноста на сообраќајот на патиштата, со предложениот закон се врши ревидирање на решението во однос на условите за лицето - стручен раководител во автошкола, односно елиминирање на елиминирање на условот во однос на

поседување важечка дозвола за инстуктор за оние категории возила за кои во автошколата се оспособуваат кандидати за возачи, при изборот на лицето за стручен раководител на автошколата.

Имајќи ја предвид досегашната имплементација на одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со предложениот закон се врши ревидирање на прекршочните одредби во однос на глобата предвидена за правните лица и одговорните лица во правните лица и констатираните проблеми во постапката за порамнување преку платен налог. Со начинот на кој се предлага ревидирањето на посочените одредби се очекува олеснување на постапката во која е предвидена одговорност за одговорното лице во правното лице, во насока на соодветно постапување по прекршоците предвидени за правното лице и одговорното лице во правното лице.

Со предложениот закон се врши ревидирање на решението во однос на финансирање на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, во насока на намалување на процентуалниот износ во финансирањето на Годишната програма на Републичкиот совет предвиден од средствата по основ на надоместок што се наплатува за технички преглед при регистрација на возилата од постојните 3% на 1,5%, односно намалување на процентуалниот износ од средствата што се наплатуваат за регистрација на моторни и приклучни возила од постојните 2% на 1%.

## <u>Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија</u>

**Предложено решение (опција):** Со цел соодветна практична имплементација на одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштаа, со предложените решенија се утврдува обврска за друштвата за осигурување при склучувањето на договор за задолжително осигурување (полиса) со сопственик на возило, задолжително да го издава Европскиот извештај за сообраќајна незгода согласно моделот на извештај издаден од Европскиот комитет за осигурување.

Од финансиски аспект, влијанија може да се очекуваат и од решенијата што се однесуваат на заострување на казнената политика односно од зголемениот износ на глоба – предвидена како прекршочна санкција за правните лица односно одговорните лица во правните лица.

**Опис:** Посочената обврска за друштвата за осигурување ќе предизвика финансиски трошоци во смисла на набавување односно печатење на доволен број примероци на образецот на Европскиот извештај за сообраќајна незгода.

Заострувањето на прекршочните санкции за правните лица односно одговорните лица во правните лица се очекува да влијае врз подигнување на степенот на безбедност во сообраќајот на патиштата. Со начинот на кој се предлага ревидирањето на посочените одредби се очекува олеснување на постапката во која е предвидена одговорност за одговорното лице во правното лице, во насока на соодветно постапување по прекршоците предвидени за правното лице и одговорното лице во правното лице

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. **ДА**

(Обврска за друштвата за осигурување за задолжително издавање на Европскиот извештај за сообраќајна незгода на сопственикот на возилото со кој склучува договор за задолжително осигурување (полиса), за чие непочитување предложениот закон предвидува и соодветни глоби).

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. **ДА**

(Обврска за друштвата за осигурување за задолжително издавање на Европскиот извештај за сообраќајна незгода на сопственикот на возилото со кој склучува договор за задолжително осигурување (полиса), за чие непочитување предложениот закон предвидува и соодветни глоби).

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

**2. Придобивки**

**- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни:**

Предложените решенија во однос на зголемување на износот на глобите за правните лица и одговорните лица во правните лица може да влијае врз Буџетот на Република Македонија, преку импликација на дополнителни финансиски придобивки, чиј опсег ќе зависи од бројот на сторени прекршоци во обласа на сообраќајот на патиштата.

**- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни:**

Со предложениот закон се предвидуваат решенија во насока на зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, односно намалување на бројот на прекршоци во обласа на сообраќајот на патиштата, како значајна нефинансиска придобивка, воопшто.

**- Клучни придобивки што од нефинансиска природа се:**

Со предложениот закон се предвидуваат решенија во насока на зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, односно намалување на бројот на прекршоци во обласа на сообраќајот на патиштата, како значајна нефинансиска придобивка, воопшто.

**Ризици и претпоставки**

Можност за недоследна примена на одредбите од законот.

**2. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
| --- | --- | --- |
| Влијание врз националната конкурентност | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз животната средина | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |

## Чекор 3: Консултации

Предлогот на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е доставен на мислење до Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за транспорт и врски и Министерство за економија.

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со законот чие донесување се предлага, се врши модификација на одредби од Законот за безбедност на сообраќајот, со цел нивно усогласување со конкретни мерки и директиви на Европската унија. Воедно, по извршена анализа на практичната имплементација на законот, идентификувана е потребата од конкретни измени и дополнувања на одредби, во насока на нивно усогласување со одредби од закони донесени во периодот по влегување во сила на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и содржинско допрецизирање на повеќе одредби, со цел нивна доследна практична имеплементација.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

1. Виолета Андоновска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи;

2. Весна Доревска, помошник на министерот во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси;

3. Ајет Незири, помошник на директорот во Секторот за сообраќајни работи во Бирото за јавна безбедност;

4. Снежана Петровиќ-Арсовска, началник на Одделение за нормативно-правни работи во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси;

5. Тања Левајковиќ, началник на Одделение за буџет, контрола и платен промет во Сектор за финансиски, материјално-технички и логистички работи.

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

1. Виолета Андоновска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи
2. Весна Доревска, помошник на министерот во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси

**<u>Изјава од министерот</u>**
**<u>за иницијалната проценка на влијание на регулативата</u>**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5.) | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз животната средина. |
| 6.) | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување: /<br>Вклучени организации и претставници: /<br>Свое мислење дадоа следниве организации: / | **<u>ДА /</u>** НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА/**<u>НЕ</u>** |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | ДА/**<u>НЕ</u>** |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | **<u>ДА</u>**/НЕ |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА/**<u>НЕ</u>** |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | ДА/**<u>НЕ</u>** |

**Изјава од министерот**

Јас, Гордана Јанкулоска, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

................................................................................ Датум: